Уп. бр.08-5

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ултима Холдинг С.А. (Ultima Holding S.A.), со регистрирана адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg), преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Ултима Холдинг С.А. (Ultima Holding S.A.), со регистрирана адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg) има намера да стекне самостојна контрола над БТБ Холдинг Инвестментс СА (BTB Holding Investments SA), со адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg,) по пат на купување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 28.12.2023 година, а дополнето на 05.01.2024 година и 11.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за

концентрација од страна на Ултима Холдинг С.А. (Ultima Holding S.A.), со регистрирана адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg), со која Ултима Холдинг С.А. Луксембург има намера да стекне самостојна контрола над БТБ Холдинг Инвестментс СА (BTB Holding Investments SA), со адреса на ул. Гијом Шнејдер бр. 6, Л-2522 Луксембург (6 rue Guillaume Schneider, L-2522 Luxembourg,), по пат на купување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Ултима Холдинг С.А. е финансиско холдинг друштво.

Ултима Групацијата главно се состои од финансиски холдинг друштва – како што се, Ултима, ГИА Финанце СА (GIA Finance SA) (која поседува 98,38% удел во Ултима) и ГИА Партеципазиони СРЛ (GIA Partecipazioni SRL) (која има 50% удел во ГИА Финанце СА (GIA Finance SA), 100% удел во Гмедиа СРЛ Униперсонале (Gmedia SRL Unipersonale), и многубројни малцински удели во други субјекти – без деловни активности надвор од нивните малцински удели. Ултима Групацијата има малцински удел во БТБ Холдинг Инвестментс СА.

Освен тоа, Ултима Групацијата има ограничени активности во медиумскиот сектор (на локална основа), преку Гмедиа СРЛ Униперсонале (Gmedia SRL Unipersonale) и во секторот на недвижности, преку Лунгхин Сагл и ГИА Бени Стабили.

Ултима Холдинг С.А нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

БТБ Холдинг Инвестментс СА е холдинг друштво на Групацијата на Целното Друштво. Групацијата на Целното Друштво е активна во секторот на енергетика, челик, транспорт и иновации.

Групацијата на целното друштво има една зависно друштво регистрирано во Северна Македонија, Друштво за трговија и услуги ДУФЕРЦО МК ДОО Скопје, со адреса на бул. Св. Климент Охридски бр.52-1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија. Основната дејност на ДУФЕРЦО МК ДОО е 35.14 - Трговија со електрична енергија. ДУФЕРЦО МК ДОО има лиценца за вршење на следните енергетски дејности во Северна Македонија: трговија со електрична енергија, снабдување со електрична енергија и трговија со природен гас.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**